ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект:** Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за средства од Фондот - 737

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- слабости во планирањето, реализацијата и контролата на условниот надоместок за набавка на биолошка терапија и отсуство на медицински протоколи/упатства со кои ќе се воспостават правила и утврдат критериуми за приклучување на пациенти на биолошка терапија;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост;
- преземени се обврски над одобрениот буџет за 2021 година, а состојбата на неплатени обврски на ден 31.12.2021 година изнесува 647.526 илјади денари
- потрошокот на биолошка терапија во износ од 649.141 илјада денари кој настанал во периодот од месец 04/2021 до месец 12/2021 година е евидентиран на крајот од годината, од причина што лековите се набавувани на реверс и за истите не била формирана цена
- во дел од спроведените постапки за јавни набавки констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки

**Издадено мислење/заклучок*:**

Неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

**Клучни препораки:**

- биолошката терапија да се набавува во рамки на обезбедениот буџет по претходно склучен договор за јавна набавка и истата да се определува и доделува на пациенти по претходно мислење на стручниот колегиум
- целосно спроведување на редовниот годишен попис
- преземање на обврски во рамки на одобрениот буџет како и редовно плаќање на истите
- навремено евидентирање на потрошокот на биолошка терапија и
- обезбедување на доследна примена на одредбите од Законот за јавните набавки

**Останати прашања:**

Ревизијата известува дека:

- во постапките за сервисирање на опрема за која економските оператори имаат монополска позиција/ексклузивно право се склучуваат договори за целосен сервис при што не постои можност да се спореди/утврди реалноста на исплатените средства во однос на обемот на извршените услуги.
- набавен линеарен акцелератор од страна на Министерството, кој до денот на вршење на ревизијата не е ставен во употреба, од причина што Клиниката не располага со соодветен простор во кој истиот би можел да биде инсталиран.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 25-217/1 од 06.02.2023 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk